Врз основа на член 26-а, а во врска со член 17-г став (5) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 17 од Одлуката за основање на јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/07 и 4/07) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ

### Член 1

Од должноста членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, се разрешуваат:

- **МОНИКА ИВАНОВСКА,**
- **ЈОНЧЕ ДАВИТКОВ,**
- **БОЈАН РАДОЈКОВИЌ,**
- **ЃОКО СМИЛЕСКИ.**

### Член 2

За членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, се именуваат:

- **МАЈА КОЧИЈЕВА,**
- **ЃОКО АРСОВ,**
- **АЛЕКСАНДРА ГОЧЕВСКА.**

### Член 3

Членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење, од своите редови избираат претседател.

### Член 4

Мандатот на именуваните членови е 4 (четири) години со право на уште еден последователен мандат и започнува од денот на влегување во сила на оваа одлука.

### Член 5

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9771/18**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**